# МАКЕДОНЦИТЕ НА БАЛКАНОТ

# ТРАДИЦИОНАЛЕН МАКЕДОНСК

**"Наша благодарност до Македонија за помошта за фестивалот, наша благодарност до Албанија за условите во слобода и во мир да ги негуваме нашите обичаи, традиции, јазик, песни, ора и македонска култура. Сакаме исти вакви фестивали догодина да одржат и Македонците во областите Голо Брдо и Гора. За многу години денот и догодина побројни, и со фолклорни друштва и со народ, и од Албанија и од Македонија", рече градоначалникот на Општина Пустец, г. Едмонд Темелко.**



Пишува: **Жаклина МИТЕВСКА**




Во Општина Пустец, Република Албанија, во организација на Здружението "Млади во акција", од Ресен, Организацијата за заштита на правата на Македонците во Република Албанија "Друштво Преспа" и Советот на Општина Пустец, а со помош на Министерството за култура на Република Македонија, се одржа традиционалниот македонски фолклорен фестивал - Преспа 2008. Пред Македонците од Мала Преспа, Албанија и Македонија, кои воодушевено го следеа фестивалот, се претставија КУД при Основното училиште "Отпор на Нагоричани" од село Долна Горица, КУД од Општина Пустец, како и тамошната Женска фолклорна група.

Пред присутните настапи и Ансамблот на народни песни и ора при Факултетот за музичка уметност на Универзитетот "Гоце Делчев" од Штип, Република Македонија, со сплет на македонски песни и ора од областите Гора, Скопска Црна Гора и Источна Македонија, а македонски народни песни исполнија Мичо Лембанов, Оливер Милошевски и Ратко Георгиевски.

На македонскиот фолклорен фестивал - Преспа 2008 присуствуваа амбасадорката на Република Македонија во Тирана, Н.Е. Благородна Мингова Крепиева, градоначалникот на Општина Пустец, Едмонд Темелко, како и повеќе претставници од Република Македонија.

## ПРОМОВИРАЊЕ НА ДИЈАЛОГОТ

"Почитувани браќа и сестри Македонци и Македонки, возобновуваме една убава традиција, една културна манифестација, македонскиот фолклорен фестивал Преспа 2008, оваа година со помош на Министерството за култура на Македонија. Наша благодарност до Македонија за помошта за фестивалот, наша благодарност до Албанија за условите во слобода и во мир да ги негуваме нашите обичаи, традиции, јазик, песни, ора и македонска култура. Сакаме исти вакви фестивали догодина да одржат и Македонците во областите Голо Брдо и Гора. За многу години денот и догодина побројни, и со фолклорни друштва и со народ, и од Албанија и од Македонија", рече градоначалникот на Општина Пустец, г. Едмонд Темелко.

"Фестивалот на фолклорни групи од сите предели каде живеат Македонците во Албанија е проект кој дава непро-

# БЛАГОРОДНА КУЛТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА ЗА АФИРМАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ



ценлив придонес во промовирањето на дијалогот и толеранцијата како клучни елементи за зачувување и за унапредување на културниот и духовниот идентитет на Македонците во соседна Албанија. Албанската држава може да биде соодветен пример за позитивно справување со слободата на малцинствата, што е за поздрав, пример кој не треба секогаш да остане на исто ниво, пример кој мора да се надградува. Активностите на македонската заедница во Албанија се видливи во локалната самоуправа, видливи се и на културно и спортско поле, активности кои значително придонесуваат за зачувувањето и ширењето на македонското културно наследство, традицијата и обичаите. Сите овие активности придонесуваат за промоцијата и почитувањето на основните човекови права и слободи, како и правата на етничките и на националните малцинства, согласно меѓународните конвенции. Сега, кога овој фундаментален проект ја доби својата физиономија, сакам да ги споделам задоволството и радоста со сите оние кои веруваа во ваквите крупни чекори и несебично им даваа поддршка на вработените во Општина Пустец. Сакам да нагласам дека преку овој заеднички музички проект успеавме да ја покажеме нашата зрелост како нација и култура, која знае да ги почитува вистинските вредности на припадниците на македонскиот народ во соседните држави. Ваквите културни манифестации ги стимулираат добрососедските односи, а воедно ги помагаат културните врски на Република Македонија со соседна Албанија", истакна Александар Ѓорѓиев, од Министерството за култура на Република Македонија, пренесувајќи ги поздравите од министерката Елизабета Канческа-Милевска, која сесрдно се залага за унапредување на врските и релациите со Македонците кои живеат во Албанија.

## УШТЕ МНОГУ ПОБЕДИ

Во својот поздравен говор претседателот на Светскиот македонски конгрес, Тодор Петров, истакна:

"Денес продолжува една благородна културна манифестација, за афирмација на македонскиот идентитет во Албанија. За многу години денот, за многу години Преспа, за уште многу победи. Ние сме Македонци, зборуваме македонски, нашата земја се вика Македонија! Нека нѐ развеселат звуците на македонската народна песна, нека нѐ расположат македонските ора, нека Господ Бог Ве благослови сите Вас, нека Господ Бог ги благослови Македонија и Албанија".

Поздравна телеграма до присутните испрати министерот за надворешни работи на РМ, Антонио Милошоски.

Со цел афирмација на културниот идентитет на Македонците во Република Албанија, Организацијата за заштита на правата на Македонците во Република Албанија "Друштво Преспа" од Пустец, во 2000 година го возобнови традиционалниот македонски фолклорен фестивал. Вториот фестивал се одржа 2001 година, третиот фестивал 2002 година, четвртиот 2003 година. Поради немање средства Македонскиот фолклорен фестивал е прекинат во 2004 година.

По завршувањето на фестивалот, градоначалникот на Општина Пустец, заедно со гостите, ја разгледа македонската православна црква "Свети Архангел Михаил" и притоа ги запозна за текот и тешкотиите во нејзината доизградба, како и за развојот на Општината.